Архивски број:0801-255/5
29.10.2021 година

Постапувајќи по претставка бр. 0801-255/1 од 02.09.2021 поднесена од [redacted] и Здружение за [redacted],, [redacted] бул. [redacted] за [redacted] 1000 Скопје, за сторена дискриминација, врз основа на родов идентитет, сексуална ориентација и припадност на маргинализирана група од страна на [redacted], Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) на 27.10.2021 го донесе следново

**МИСЛЕЊЕ**

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на родов идентитет, сексуална ориентација и припадност на маргинализирана група сторено од [redacted] со пишување на текст со вознемирувачка содржина кон ЛГБТ луѓето, насловен како *"Секој има право не немедицински третман. Така и овие со парадата а и ти со нив барабар. Секоја држава има право да го брани МНОЗИНСКОТО нормално население"*.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е поднесена претставка со архивски број 0801-255/1 од 02.09.2021, од страна на [redacted] и [redacted] против [redacted]

По приемот на претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека претставката е допуштена затоа што е поднесена во законскиот рок согласно член 24, став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Претставката се однесува на јавно информирање и медиуми, област која е покриена со член 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Во претставката на [redacted] и [redacted] е наведено дека [redacted] на 27.07.2021 во 14.16 часот, преку компјутерски систем, со објава на текстуална содржина-статус, од својот профил на социјалната мрежа "Твитер" во јавноста ширел расистички и ксенофобичен пишан материјал кој промовира омраза против група, на начин што од својот профил под името [redacted], на социјалната мрежа, напишал текст "Секој има право не немедицински третман. Така и овие со парадата а и ти со нив барабар. Секоја држава има право да го брани МНОЗИНСКОТО нормално население", а во контекст на втората Парада на гордоста во Скопје, која се одржа на 26 јуни 2021 година, под слоган "Вон ѕидовите". Наведениот текст бил предмет на коментари и споделувања меѓу другите учесници на социјалната мрежа со што се поттикнува омраза кон ЛГБТ+ Заедницата и поддржувачи.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација сметаше дека наводите од претставката и приложените докази го прават тврдењето на подносителите веројатно и дека товарот на докажување треба да премине на потенцијалните дискриминатори. На 08.07.2021 Комисијата согласно чл. 24, ст. 7 и чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави известување до [redacted] од Скопје, со барање писмено произнесување по наводите од претставката, во рок од 15 дена од приемот на известувањето. Лицето [redacted] во законски предвидениот рок не достави произнесување по претставката.

На 07.09.2021 Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, ст. 7 и чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави допис заверен под архивски бр. 0801-255/2 до Министерството за внатрешни работи СВР Скопје, Единица за економски и компјутерски криминал со барање за проверка на веродостојноста на објавата, по наводите во претставката.

На 29.09.2021 г. од страна на Министерството за внатрешни работи, Сектор за внатрешни работи – Скопје, Единица за економски и компјутерски криминал во архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор. Во истиот тие најпрво истакнуваат дека од извршените проверки на социјалната платформа и мобилна апликација "Твитер" пронајден е горенаведениот профил со име [redacted] со URL линк – https://twitter/[redacted] при што на истиот е детектиран и воедно документирана бараната објава, за која воедно е и поднесена претставката од страна на [redacted] и Здружение за [redacted] при што е утврдено дека истата е објавена на ден 27.07.2021 година во 14:16 часот преку мобилната платформа "Android" и истата е со линк – https://twitter.com/[redacted].

Според Законот за спречување и заштита од дискриминација се забранува директна и индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и инструкција за дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство или општествен статус или која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор(член 5).

Како дискриминација ќе се смета и секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа(член 9).

Според истиот Закон, вознемирување претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика(член 10).

Во случај на вознемирување не е потребно да постои конкретно лице на кое му се повредени правата, туку може вознемирување да постои и кога се погодени група како целина, односно припадници на група, што е случај во објавениот текст од страна на [redacted]


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација објавата од страна на [redacted] на социјалната мрежа "Твитер", со која што се поттикнува дискриминација, видно од предизвиканите коментари под објавата, ја смета како предизвикување на вознемирување спрема ЛГБТ заедницата. Со објавата и коментарите под објавата се изразуваат стереотипите и предрасудите спрема ЛГБТ заедницата.

Од содржината во објавата се констатира дека лицето [redacted] на социјалната мрежа „Твитер" објавил текст со навредлива содржина и со тоа створил чувство на навреда, несигурност и ширење говор на омраза, на лица со различен родов идентитет, сексуална ориентација и припадност на маргинализирана група.

Комисијата за спречување и заштита и дискриминација, работи во согласност со надлежностите утврдени во Законот за спречување и заштита од дискриминација но при својата работа многу често, ја зема во предвид и меѓународната пракса. Европскиот суд за човекови права во случајот Beizaras and Levickas v. Lithuania, жалба бр. 41288/15, во кој меѓу другото се работи и за хомофобични коментари на социјални мрежи под објава, одлучил дека ваквите коментари мора да бидат санкционирани во демократско општество. Судот цени дека дури и еден коментар со омраза под објава на социјална мрежа е доволно за истиот да се сфати сериозно, доколку објавата има голема видливост онлајн, како во случајот. Па оттука произлегува и одговорноста на порталите tribuna.mk, temite.mk, misli.mk и нивните регистранти да не овозможуваат ширење на дискриминаторски и вознемирувачки говор на своите портали.

Од гореспоменатото може да се заклучи дека [redacted] со пишување на текстот насловен како "Секој има право не немедицински третман. Така и овие со парадата а и ти со нив барабар. Секоја држава има право да го брани МНОЗИНСКОТО нормално население", а во контекст на втората Парада на гордоста во Скопје, која се одржа на 26 јуни 2021 година, под слоган "Вон ѕидовите" **извршил вознемирување** врз основ на родов идентитет, сексуална ориентација и припадност на маргинализирана група кон ЛГБТ луѓето, припишано во член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Постапувајќи по член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација во случај на утврдена дискриминација, Комисијата препорачува начин на отстранување на повредата на правото на еднаквост, односно начин на отстранување на дискриминацијата. Ставот 3 од истиот член посочува дека субјектот кон кого е упатена препораката има должност да постапи по истата и да ја отстрани повредата на правото наеднаквост. Следствено на ова, Комисијата ја донесе следнава

## ПРЕПОРАКА

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** [redacted] веднаш да ја отстрани вознемирувачката содржина од социјалната мрежа "Твитер" и јавно да се извини за напишаниот текст со кој е извршено вознемирување врз основа на родов идентитет, сексуална ориентација и припадност на маргинализирана група врз ЛГБТИ луѓето. Јавното извинување треба да биде објавено на неговиот "Твитер" профил каде што го објавил вознемирувачкиот текст. [redacted] треба јавното извинување да го даде и објави на својот "Твитер" профил најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење и препорака и за истото писмено да ја извести Комисијата за


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

спречување и заштита од дискриминација. Воедно му се препорачува на [redacted] во иднина да се воздржи од пишување текстови кои во себе содржат вознемирувачка содржина врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет или било која друга дискриминаторска основа.

Комисијата го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација, сè до нивното исполнување. Доколку субјектите кон кои е упатена Препораката не постапат по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

**Изготвил:** Лимко Бејзароски

Член на Комисија за спречување и заштита од

Дискриминација

Претседателка
**Весна Бендевска**

Комисија за спречување и заштита од дискриминација • Скопје

Доставено до:

- [redacted] 28,1000 Скопје,
- [redacted] Скопје


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk